## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 21 март 2022 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: февруари 2022 година

– Во февруари 2022 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** бележи пад од 0,5% на месечна основа, пред сѐ како резултат на намалувањето на депозитните пари[3], при остварен пад и на долгорочните депозити до две години, во услови на раст на краткорочните депозити. Годишниот раст изнесува 6,8% и во поголем дел е резултат на зголемените краткорочни депозити, а во помал дел и на депозитните пари, при забележан пад на долгорочните депозити до две години. Готовите пари во оптек се речиси непроменети на месечна и на годишна основа.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[4,5] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 1.2022 | 2.2022 | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 01.2022 | 2.2022 | 1.2022 | 2.2022 |
| **Парична маса М4** | **491,717** | **500,202** | **507,536** | **521,005** | **516,128** | **514,222** | **7.9** | **6.7** | **8.2** | **7.0** | **6.5** | **5.3** | **-0.9** | **-0.4** |
| **Парична маса М3** | **441,478** | **451,639** | **460,723** | **474,753** | **469,927** | **467,548** | **9.4** | **8.3** | **10.1** | **8.8** | **8.3** | **6.8** | **-1.0** | **-0.5** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 43,350 | 43,604 | 44,951 | 44,480 | 43,262 | 43,281 | 14.4 | 6.0 | 7.9 | 1.8 | -0.3 | 0.0 | -2.7 | 0.0 |
| **Вкупни депозити** | **439,343** | **447,237** | **453,469** | **468,649** | **464,690** | **462,742** | **7.4** | **6.8** | **8.3** | **7.8** | **7.4** | **6.1** | **-0.8** | **-0.4** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 122,085 | 128,970 | 130,048 | 137,557 | 133,296 | 130,016 | 12.9 | 16.7 | 15.6 | 11.6 | 11.5 | 8.3 | -3.1 | -2.5 |
| *Во денари* | 85,618 | 88,994 | 87,402 | 92,116 | 89,641 | 86,923 | 12.8 | 14.7 | 9.7 | 6.7 | 8.3 | 4.9 | -2.7 | -3.0 |
| *Во странска валута* | 36,467 | 39,976 | 42,646 | 45,441 | 43,655 | 43,093 | 13.0 | 21.4 | 29.8 | 23.2 | 18.9 | 15.8 | -3.9 | -1.3 |
| Домаќинства | 289,941 | 292,359 | 297,702 | 305,407 | 305,213 | 306,700 | 5.2 | 4.2 | 6.9 | 7.1 | 6.8 | 6.0 | -0.1 | 0.5 |
| *Во денари* | 152,839 | 152,597 | 154,062 | 151,822 | 149,299 | 149,275 | 3.6 | 2.3 | 5.7 | 0.5 | -0.5 | -2.5 | -1.7 | 0.0 |
| *Во странска валута* | 137,102 | 139,762 | 143,640 | 153,585 | 155,914 | 157,425 | 7.1 | 6.4 | 8.3 | 14.4 | 14.9 | 15.5 | 1.5 | 1.0 |
| **Вкупни кредити** | **361,561** | **370,862** | **375,116** | **386,884** | **386,900** | **390,269** | **5.2** | **5.1** | **6.3** | **8.3** | **8.4** | **8.9** | **0.0** | **0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 171,117 | 175,067 | 176,093 | 184,675 | 184,672 | 187,018 | 2.1 | 1.2 | 4.8 | 8.7 | 9.0 | 10.0 | 0.0 | 1.3 |
| *Во денари* | 103,024 | 106,876 | 107,485 | 114,622 | 114,755 | 115,672 | -0.6 | 0.2 | 5.5 | 11.6 | 11.8 | 12.4 | 0.1 | 0.8 |
| *Во странска валута* | 68,093 | 68,191 | 68,608 | 70,053 | 69,917 | 71,346 | 6.3 | 2.9 | 3.7 | 4.3 | 4.6 | 6.4 | -0.2 | 2.0 |
| Домаќинства | 188,697 | 193,906 | 197,127 | 200,249 | 200,311 | 201,334 | 8.1 | 8.7 | 7.5 | 7.8 | 7.8 | 7.8 | 0.0 | 0.5 |
| *Во денари* | 106,994 | 109,484 | 111,470 | 113,317 | 113,447 | 114,033 | 10.7 | 10.1 | 7.2 | 7.9 | 7.9 | 7.7 | 0.1 | 0.5 |
| *Во странска валута* | 81,703 | 84,422 | 85,657 | 86,932 | 86,864 | 87,301 | 4.8 | 7.0 | 7.8 | 7.6 | 7.7 | 7.8 | -0.1 | 0.5 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[4] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 година па наваму се под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.

[5] Податоците за монетарните агрегати, како и вкупните депозити и кредити заклучно со август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

- Во февруари, **вкупните депозити**[6] забележаа пад од 0,4% на месечно ниво, како резултат на падот на депозитите на корпоративниот сектор, во услови на умерен раст на депозитите кај домаќинствата. Анализирано на годишна основа, растот на вкупните депозити од 6,1% се должи на зголемените депозити кај двата сектора, со поголем придонес на секторот „домаќинства".

- **Вкупните кредити**[7], во февруари, остварија месечен и годишен раст од 0,9% и 8,9%, соодветно, како резултат на зголеменото кредитирање на двата сектора, коешто е поизразено кај корпоративниот сектор.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[8]




Извор: НБРСМ.

[6] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[7] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година. Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик започна да се применува од 1. јули 2019 година со што ефектот од споредбената основа се исцрпи во јули 2020 година. Оттука, разликите во годишните стапки на промена на кредитите со и без ефектот од извршените отписи се незначителни, поради што од августовското соопштение натаму овие споредби се прекинуваат.

[8] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

- Вкупните **депозити на корпоративниот сектор** забележаа надолна месечна промена од 2,5%. Промената пред сè произлегува од намалувањето на депозитните пари, а во помал дел и од краткорочните депозити во странска валута и долгорочните депозити во денари, во услови на умерен раст на останатите компоненти. На годишна основа, растот од 8,3% се должи на повисоките депозитни пари, како и на краткорочните и на долгорочните депозити во странска валута, при остварен пад на долгорочните и на краткорочните депозити во денари.

- Во февруари, **кредитите на корпоративниот сектор**[9] се зголемени за 1,3% во однос на претходниот месец, како резултат на растот на кредитите во денари и во странска валута, со поизразен придонес кон растот на кредитите во странска валута. Годишниот раст изнесува 10,0%, со поголем придонес кон растот на денарските кредити.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[10]




Извор: НБРСМ.

[9] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.
[10] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

- Кај вкупните **депозити на домаќинствата,** во февруари, е забележан месечен и годишен раст од 0,5% и 6,0%, соодветно. Притоа, растот по двете основи во поголем дел е резултат на краткорочните депозити во странска валута, а помал позитивен придонес имаат депозитните пари и долгорочните депозити во странска валута, во услови на остварен пад на долгорочните и на краткорочните депозити во денари.

- Во февруари, **кредитите на домаќинствата** се зголемија за 0,5% на месечна основа и 7,8% на годишна основа, што се објаснува со порастот на кредитите во денари и во странска валута, којшто е поизразен кај кредитите во денари.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 1.2022 | 2.2022 | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 1.2022 | 2.2022 | 1.2022 | 2.2022 |
| Потрошувачки кредити | 99,721 | 102,516 | 103,902 | 105,888 | 105,159 | 105,735 | 6.7 | 7.9 | 6.2 | 7.2 | 7.3 | 7.2 | -0.7 | 0.5 |
| Станбени кредити | 59,901 | 62,384 | 65,006 | 67,353 | 67,657 | 68,385 | 13.1 | 14.7 | 16.1 | 15.5 | 15.6 | 15.5 | 0.5 | 1.1 |
| Автомобилски кредити | 263 | 242 | 242 | 237 | 231 | 226 | -14.0 | -17.1 | -16.9 | -15.9 | -16.4 | -15.6 | -2.4 | -2.3 |
| Кредитни картички | 10,539 | 10,488 | 10,378 | 10,253 | 10,127 | 10,034 | -8.9 | -8.9 | -10.9 | -8.5 | -7.1 | -5.7 | -1.2 | -0.9 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,399 | 6,419 | 6,470 | 5,907 | 6,423 | 6,374 | -1.5 | 3.4 | 3.0 | 1.5 | 1.1 | 1.9 | 8.7 | -0.8 |
| Други кредити | 3,736 | 3,687 | 2,766 | 2,611 | 2,572 | 2,567 | -5.8 | -6.6 | -29.3 | -32.5 | -32.3 | -31.8 | -1.5 | -0.2 |

Извор: НБРСМ.

– Во февруари, анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, **потрошувачките кредити** како најзастапена категорија се зголемија за 0,5% на месечна основа, при годишен раст од 7,2%. **Станбените кредити**, овој месец, бележат месечен и годишен раст од 1,1% и 15,5%, соодветно. Кај **автомобилските кредити,** во февруари, е остварено месечно и годишно намалување од 2,3% и 15,6%, соодветно, а кредитите одобрени на **кредитни картички** забележаа пад на месечно и на годишно ниво од 0,9% и 5,7%, соодветно. **Негативните салда на тековните сметки**, овој месец, се намалија за 0,8% на месечна основа, а годишниот раст изнесува 1,9%. Во февруари, кредитите одобрени врз **други основи** забележаа месечно и годишно намалување од 0,2% и 31,8%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 април 2022 година (референтен пресек заклучно со март 2022).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нѐ на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).